Цементарница "УСЈЕ" АД
Бр. 02-553
18-12-2023 20 __ год.
СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Врз основа на член 383, член 460 ст.3 и член 460-а од Законот за трговски друштва, и член 18 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Акционерите на друштвото на Собранието одржано на ден 18.12.2023 година донесоа | Pursuant to Article 383, Article 460 par. 3 and Article 460-a of the Trade Companies Law, and Article 18 of the Statute of Cementarnica Usje AD Skopje, the Shareholders of the Company on the Assembly held on 18.12.2023 adopted the following |
| **ОДЛУКА**<br>**За одобрување на зделки со заинтересирани страни** | **DECISION**<br>**for approving interested party transactions** |
| **Член 1** | **Article 1** |
| Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, услуги), СЕ ОДОБРУВА Цементарница УСЈЕ АД Скопје да склучува зделки со заинтересирана страна по тековни пазарни услоги за слични типови на трансакции и тоа:<br>- Зделка со Шаррцем Ш.П.К. Косово, за продажба/купување на:<br>  o Петрол кокс и<br>  o Цемент | Due to the existence of mutual interests for business cooperation within the frames of the regular operations (sales, purchasing, services), it is hereby APPROVED for Cementarnica USJE AD Skopje to conclude interested party transactions under prevailing market conditions for similar type of transactions i.e.:<br>- Transaction with Sharrcem Sh.P.K. Kosovo, for the sale/purchase of:<br>  o Pet coke and<br>  o Cement |
| чија поединечна или кумулативна вредност за секој производ посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание ќе надмине износ од 9.000.000,00 евра, што претставува надминување на 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи. | whose separate or cumulative value of each individual item, for the period starting from the date of adoption of this decision until the holding of the next annual shareholders' assembly, shall exceed the amount of 9.000.000,00 Euros, which represents exceeding of 10% of company's assets value, determined based on the last audited financial statements. |
| **Член 2** | **Article 2** |
| Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (давање и земање на заеми; кредити и гаранции), СЕ ОДОБРУВА Цементарница УСЈЕ АД Скопје да склучува зделки со заинтересирана страна по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа: | Due to the existence of mutual interests for business cooperation within the frames of the regular operations (borrowing/lending loans/credits and guarantees), it is hereby APPROVED for Cementarnica USJE AD Skopje to conclude interested party transactions under prevailing market conditions for similar type of transactions i.e.: |
| - Зделка со Титан Глобал Финансе ПЛЦ, за давање на заем чија поединечна или кумулативна вредност посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание ќе надмине износ од 9.000.000,00 евра, но, не повеќе од 18.000.000,00 евра, што претставува надминување на 10% од вредноста на активата | - Transaction with Titan Global Finance PLC, for lending a loan whose separate or cumulative value of each individual item, for the period starting from the date of adoption of this decision until the holding of the next annual shareholders' assembly, shall exceed the amount of 9.000.000,00 Euros but shall not be more than the amount of 18.000.000,00 Euros, which represents |

| | |
|---|---|
| на друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи.<br><br>- Зделка со Шаррцем Ш.П.К. Косово, за земање на заем чија поединечна или кумулативна вредност посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 9.000.000,00 евра.<br><br>**Член 3**<br>СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Одборот на Директори, да ги преземат сите потребни дејствија за потпишување на договори со заинтересираните страни наведена во член 1 и член 2 од оваа Одлука, а заради спроведување на истата.<br><br>**Член 4**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.<br><br>*Д.Н.*<br>*- Архива*<br>*- Сектор за финансии*<br>*- Правна служба* | exceeding of 10% of company's assets value, determined based on the last audited financial statements.<br><br>- Transaction with Sharrcem Sh.P.K. Kosovo, for borrowing a loan whose separate or cumulative value shall not exceed the amount of 9.000.000,00 Euros for the period starting from the date of adoption of this decision until the holding of the next annual shareholders assembly.<br><br>**Article 3**<br>The members of the Board of Directors are hereby AUTHORIZED to undertake all necessary actions for signing the contracts with the interested parties stated in Article 1 and Article 2 of this Decision for the purposes of implementation of the same.<br><br>**Article 4**<br>The decision shall enter into force on the day of its adoption.<br><br>*Sent to:*<br>*-Archive*<br>*-Financial department*<br>*-Legal section* |

Собрание на акционери / Shareholders Assembly
Претседавач / Chairman
Анѓеле Мицевски / Angjele Micevski

________________________

Д "УСЈЕ" АД Скопје